РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-617/3
11.11. 2015 год.
СКОПЈЕ

**Национална Установа - Природонаучен музеј на Македонија - Скопје**
Булевар Илинден 86 • МК - 1000 Скопје 55 • Р. Македонија • ☎ **389 2 3117-669 • Факс: **389 2 3116-453 •
web: www.musmacscinat.mk • E-mail: contact@musmacscinat.mk

**National Institution - Macedonian Museum of Natural History - Skopje**
Boulevard Ilinden 86 • MK -1000 Skopje 55 • Macedonia • ☎ **389 2 3117-669 • Fax: **389 2 3116-453 •
web: www.musmacscinat.mk • E-mail: contact@musmacscinat.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
16.11.2015
14-153/44

До
М-р Лилјана Стојанова, Помошник на Главниот Државен Ревизор и ОДР
Државен завод за ревизија
Ул. Македонија 12/3, Палата Македонија
1000 Скопје, Р. Македонија

E-mail: dzr@dzr.gov.mk
Телефон: 3211 262

Скопје, Ноември 10, 2015

**Предмет:** Сугестии и препораки по однос доставениот Нацрт Извештај на овластениот Државен Ревизор за извршена ревизија на успешност – “Начин на водење на музејската евиденција во Националните и локалните установи и заштита на музејските експонати“.

**Врска:** Ваш допис бр. 14-153/23 од 28/09/2015 година.

Почитувана,

Во функција на поуспешно усогласување на водењето на музејската евидеција и документација за музејските предмети од областа на природонауката со “Начинот на водење на музејската евиденција во Националните и локалните установи и заштита на музејските експонати“ во прилог на овој допис Ви ги предлагаме следните сугестии и предлози:

**Образложение**

Природонаучниот Музеј на Македонија, низ своето 89-годишно постоење и работа има формирано богат фонд на музејски предмети, од кои само еден дел е изложен во постојаните музејски изложби. Останатите музејски предмети, составени пред се од научни збирки, се чуваат во депоата на Музејот. Овој материјал, единствен од таков вид на територијата на Република Македонија, претставува документ за нашето природно наследство.

Ревизијата спроведена од Ваша страна, како и Нацрт извештајот се изработени врз основа на Законска регулатива која опфаќа вкупно 6 законски и подзаконски акти, без притоа да биде земен во предвид и Законот за заштита на Природа (2004), со кој во одредена мера се регулира начинот на водење на евиденцијата и документацијата од областа на природното наследство.

На страна 35 од вашиот Нацрт извештај, во вториот параграф наведен е следниот текст: “*Оббрската за воспоставување на заштитната евиденција е утврдена со стапување на сила на Закон за заштита на културно наследство*“.

Според одредбите на Законот за заштита на културно наследство, Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13), член 34, заштитната евиденција се води за:

1. *Културно наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство;*
2. *Движните добра чија земја на потекло е Република Македонија а се наоѓаат во странство по која било основа и без оглед кога се однесени, доколку*

*претставуваат интерес од гледна точка на нивната реституција во земјата и движните добра кои се дел од културното наследство на друга држава а се наоѓаат на територијата на Републиката.*

Дополнително на тоа, според член 149, став 3 од Законот за заштита на културно наследство: *"Надлежни матични установи за заштита на движно културно наследство според видот на предметите се: Националната установа Музеј на Македонија – Скопје, Националната установа Музеј на современа уметност – Скопје и Националната установа Археолошки музеј на Македонија – Скопје.*

Според погоре изнесеното Националната Установа Природонаучен музеј на Македонија, не е вклучена во Законот за Заштите на Културното наследство.

Според Правилникот за содржината и начинот на водење на заштитните евиденции на културно наследство и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии е донесен во 2008 година (Службен весник на Република Македонија бр.10/08), кој претставува подзаконски акт на Законот за заштита на културното наследство, во Член 4 се наведени општи инвентари и добра од културно-историско значење. Музејските предмети од областа на природното наследство не се вклучени во овој Правилник.

Како резултат на погоре изнесената анализа на соодветната законска регулатива, произлегува дека Националната Институција Природонаучен музеј на Македонија не подлежи кон обврската за водење на заштитна евиденција.

Подготвиле,

М-р Оливера Матевска, Виш кустос

О. Матевска

Д-р Светозар Петковски, Кустос-советник

Светозар Пет

Директор,

Исмет мехмети

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА 1 СКОПЈЕ